РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	28.10.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	6574/1	0	

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за рибарство и аквакултура, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Марија Станковски

Александар Јанакиев

Зорчо Јовановски

Јулија Ташковска

Биљана Кузманоска

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, октомври 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25) се уредуваат риболовните води и риболовот, управувањето и користењето на рибите и другите водни организми, аквакултурата, заедничкото уредување на пазарот на производите од рибарство и аквакултура, надлежните тела, заштитата на рибите и другите водни организми, поморот на риби, надоместок на штета и право на отштета, порибувањето и производството на порибителен материјал како и други прашања од значење во областа на рибарството и аквакултурата.

Согласно постојните одредби, во делот на преодните и завршните одредби во членот 112 е уредено дека со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 150/21), освен одредбите од член 15 и дел IX кои ќе се применуваат до 31.12.2026 година. Одредбите од член 15 и дел IX се однесуваат на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата и начинот на нејзиното доделување

Донесувањето на Предлог законот за изменување на Законот за рибарство и аквакултура се предлага заради пролонгирање на рокот на примена на одредбите кои се однесуваат на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата. Со пролонгирање на рокот на примена на одредбите во делот на финансиска поддршка, ќе се обезбеди функционирање на досегашните системи потребни за непречена исплата на финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата до крајот на 2027 година, односно до донесување на Закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложената измена на членот 112 од Законот за рибарство и аквакултура за продолжување на рокот на важност од овој член ќе се овозможи непречена исплата на финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за реализација на предвидените мерки во годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата преку досегашните воспоставени системи, до донесување на нов Закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни материјални обврски за други субјекти.

V. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието Предлогот на закон за изменување на Законот за рибарство и аквакултура да го разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

Член 1

Во Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 160/25 и 125/26), во член 112 зборовите: „31 декември 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2027 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Законот за изменување на Законот за рибарство и аквакултура содржи два члена.

Со членот 1 од Предлогот на законот се врши изменување на членот 112 во однос на продолжување на рокот за престанување на важност на членовите 15, 102, 102-а, 102-б, 102-в, 102-г, 102-д, 102-ѓ, 102-е, 102-ж, 102-з и 102-и од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21), кои се однесуваат на финансиска поддршка до 31 декември 2027 година. Со оваа измена ќе се овозможи непречено користење на финансиските средства во областа на рибарството и аквакултурата согласно одредбите на постоечкиот Закон за рибарство и аквакултура до донесување на нов Закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложената одредба е меѓусебно поврзана со одредбите од Законот за рибарство и аквакултура и како такви прават правна целина со постоечкиот закон и се применливи.

III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог законот за изменување на Законот за рибарство и аквакултура ќе се продолжи рокот на примена на одредбите кои се однесуваат на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата и ќе се овозможи функционирање на досегашните системи потребни за непречена исплата на финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 112

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21), освен одредбите од членовите 15, 102, 102-а, 102-б, 102-в, 102-г, 102-д, 102-ѓ, 102-е, 102-ж, 102-з и 102-и кои ќе се применуваат до 31 декември 2026 година.